Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 7 и член 29 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 јануари 2022 година, донесе

## ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

### Член 1

Во Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.219/19), во членот 2 став (1) точката 4) се брише.

Точката 5) која станува точка 4), се менува и гласи:

„категорија на потрошувачи останати се потрошувачи кои што не припаѓаат на категоријата потрошувачи домаќинство“.

Точките 6), 7), 8), 9), 10) 11), 12), 13), 14) 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21), 22), 23), 24), 25) и 26) стануваат точки 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21), 22), 23), 24) и 25).

### Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„(1) Потрошувачите се распределуваат во следниве категории на потрошувачи:

1) домаќинства,
2) останати.

(2) Во категоријата на потрошувачи „домаќинства“ се опфатени следните потрошувачи:

1) потрошувачи кои топлинската енергија ја користат за греење на станбениот простор наменет исклучиво за домување,
2) станбени објекти за посебни намени наменети за времено сместување на лица во социјален ризик согласно со прописите за социјална заштита, како и објекти за сместување на самци,
3) работнички, воспитни и пензионерски домови, како и домови за згрижување на стари и изнемоштени лица и домови за инвалиди и терапевтски групи,
4) домови за згрижување на деца и народни кујни,
5) верски објекти во кои не се врши стопанска дејност.

(3) Во категоријата на потрошувачи „останати“ се сите останати потрошувачи кои не припаѓаат на категоријата домаќинства.

(4) Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи се утврдува да изнесува:

**Домаќинства : Останати =**

**1,0 : 1,9 “**

**Член 3**

Во членот 23 став (1) во воведната реченица зборовите „став (5)“ се заменуваат со зборовите „став (4)“.

Во точката 1) запирката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

Точката 2) се брише.

Точката 3) станува точка 2).

Ставот (2) се менува и гласи:

**„** Тарифните ставови за ангажирана топлинска моќност [денари/kW] на ниво на мерно место од став (1) на овој член, се пресметуваат на следниов начин:

$$\sum N_{mmam} = C_{mmamd} \cdot \sum W_{mmd} + C_{mmamo} \cdot \sum W_{mmo}$$

$$C_{mmamd} = \frac{\sum N_{mmam}}{\sum W_{mmd} + 1{,}9 \sum W_{mmo}}$$

$$C_{mmamo} = 1{,}9 \cdot C_{mmamd}$$

| | | |
|---|---|---|
| $C_{mmamd}$ | - тарифен став за ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на мерно место, | [денари/kW] |
| $C_{mmamo}$ | - тарифен став за ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на мерно место, | [денари/kW] |
| $\sum W_{mmd}$ | - вкупно ангажирана топлинска моќност од категорија домаќинства од сите мерни места, | [kW] |
| $\sum W_{mmo}$ | - вкупно ангажирана топлинска моќност од категорија останати од сите мерни места.“ | [kW] |

**Член 4**

Во членот 24 став (1) во воведната реченица зборовите „став (5)“ се заменуваат со зборовите „став (4)“.

Во точката 1) запирката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

Точката 2) се брише.

Точката 3) станува точка 2).

Ставот (2) се менува и гласи:

„ Тарифните ставови за потрошена топлинска енергија [денари/kWh] на ниво на мерно место од став (1) на овој член, се пресметуваат на следниов начин:

$$\sum N_{mmte} = C_{mmted} \cdot \sum E_{mmd} + C_{mmteo} \cdot \sum E_{mmo}$$

$$C_{mmted} = \frac{\sum N_{mmte}}{\sum E_{mmd} + 1{,}9 \sum E_{mmo}}$$

$$C_{mmteo} = 1{,}9 \cdot C_{mmted}$$

| | | |
|---|---|---|
| $C_{mmted}$ | - тарифен став за потрошена топлинска енергија на ниво на мерно место за категоријата потрошувачи домаќинства, | [денари/kWh] |
| $C_{mmteo}$ | - тарифен став за потрошена топлинска енергија на ниво на мерно место за категоријата потрошувачи останати, | [денари/kWh] |
| $\sum E_{mmd}$ | - вкупно потрошена топлинска енергија од категорија потрошувачи домаќинства од сите мерни места, | [kWh] |
| $\sum E_{mmo}$ | - вкупно потрошена топлинска енергија од категоријата потрошувачи останати од сите мерни места.“ | [kWh] |

**Член 5**

Членот 27 се брише.

**Член 6**

Во членот 35 во ставот (3) зборовите „категориите образование,“ се заменуваат со зборот „категоријата“.

**Член 7**

Во членот 40 во ставот (2) зборовите „категоријата образование и“ се бришат.

**Член 8**

Овој тарифен систем влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 февруари 2022 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 7 и член 29 став (1), од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, пристапи кон изработка на Тарифниот систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (во понатамошниот текст: Тарифен систем).

Со Тарифниот систем се врши измена на категоријата на потрошувачи при што категоријата на потрошувачи образование се брише, а при тоа остануваат категоријата на потрошувачи „домаќинства“ и „останати“.

Во категоријата на потрошувачи „домаќинства“ се опфатени: потрошувачи кои топлинската енергија ја користат за греење на станбениот простор наменет исклучиво за домување, станбени објекти за посебни намени наменети за времено сместување на лица во социјален ризик согласно со прописите за социјална заштита, како и објекти за сместување на самци, работнички, воспитни и пензионерски домови, како и домови за згрижување на стари и изнемоштени лица и домови за инвалиди и терапевтски групи, домови за згрижување на деца и народни кујни и верски објекти во кои не се врши стопанска дејност. Во категоријата на потрошувачи „останати“ се сите останати потрошувачи кои не припаѓаат на категоријата домаќинства.

Исто така се врши измена на тарифниот сооднос помеѓу различните категории на потрошувачи, а со цел обезбедување на сигурност во снабдувањето со топлинска енергија, исполнување на обврската за обезбедување на јавна услуга, ефикасно и економично користење на енергенсите, развој на сигурни, доверливи и конкурентни енергетски системи ориентирани кон потрошувачите, со што е можно помал трошок.

Регулаторната комисија за енергетика цени дека со вака дефинирани тарифни соодноси и категории се обезбедува континуитет во функционирањето на системот за централно греење како еден од енергетските столбови во државата, што на долг рок ќе придонесе до заштита на истиот како и обезбедување на стабилност на потрошувачите и на вршителите на енергетските дејности.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-195/3 од 27 јануари 2022 година, одлучи да се одржи седница за донесување на овој тарифен систем без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 27 јануари 2022 година, одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 7 и член 29 став (1) од Законот за енергетика, донесе Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

**Бр.01-204/1**
**27 јануари 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**